Врз основа на член 50, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 23 став 1 алинеја 6 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05.....20/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20 и 111/23), Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1) **СЕ ПОНИШТУВА** јавниот оглас за вработување на неопределено време во Територијална противпожарна единица на Општина Велес со бр.08-864/1 од 05.02.2024 година под точка 1. Назив на работно место - Пожарникар спасител, ниво В4, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 - 3 (тројца) извршители.

2) Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена на официјалната веб страната на Општина Велес и ќе се достави до пријавените кандидати.

О б р а з л о ж е н и е

Во Јавниот оглас за вработување на неопределено време во Територијална противпожарна единица на Општина Велес со со бр.08-864/1 од 05.02.2024 година за Пожарникар спасител, ниво В4, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 - 3 (тројца) извршители, објавен во дневните весни,,Нова Македонија‘‘и ,,Лајм’’ на ден 06.02.2024 година, е определен рок на пријавување по оглас од 3 работни дена од денот на објавувањето во дневен печат.

Со увидот во истиот и разгледувајќи ја целокупната документација констатирано е дека е направен превид во постапката за објавување на огласот.

Имајќи го во предвид горе наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поведе спор пред надлежен суд, во рок од 8 дена од денот на приемот на истата.

Број 08-864/3
09.02.2024 година

Доставено до:
- ОУЧР-Општина Велес;
- Списи и Архива

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев